РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 192/5
04. 03 2026 год.
ВЕЛЕС

# СОУ „ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН“ – ВЕЛЕС

# ПРОГРАМА

**ЗА СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА УЧИЛИШНА ЕКСКУРЗИЈА**

**Велес-Белград-Винча-Велес**

**ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

Програмата е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта („Службен весник на РСМ“ бр. 78/25 и 132/25).

1. **Цели на екскурзијата**

• Поттикнување истражувачки компетенции и научно размислување.
• Запознавање со научни и културни институции.
• Развивање на соработка, одговорност и култура на однесување.
• Подобрување на социјалните и меѓучовечки односи.

2. **Опис на екскурзијата**

Стручно–истражувачката екскурзија се реализира како дел од стручните активности по природни науки, со посета на национални, културни, образовни и научни институции.

3. **Воспитно - образовни цели** на екскурзијата

1. Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на Белград, Винча и нивната непосредна околина;
2. Формирање позитивен однос кон националните, културно-историските и естетски вредности на другите места во Република Србија;
3. Развивање, потикнување и манифестирање позитивни емоции спрема другите луѓе;
4. Подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарството низ заеднички прошетки, солидарност, рекреација и забава;
5. Формирање и потикнување демократски ставови спрема материјалните и духовните добра;
6. Развивање и потикнување на колективната свест за заштита на материјалната, општествената и животна средина);
7. Да се прошират веќе стекнатите знаења за природните појави кои се изучуваат по сите наставни предмети од природни науки.

4. **Содржини и активности**

- Посета и набљудување на познати национални, културно-историски места, локалитети и знаменитости на Белград и Винча и др.
- Организирање прошетки, посета на организирани настани, организирање забавни интерактивни вечери и сл.
- Рекреативни активности соодветни за возраста и интересот на учениците со активно учество на професорите

5. **Раководител, наставници и ученици**

За раководител на екскурзијата е именувана Драгана Тевчева наставник по физика и раководител на паралелка II-1.

Ученици кои ќе земат учество во екскурзијата се од паралелките : I–1, I-2, I-3, I-4, I-5, II-1, II-2, II-3, II-4, II-5, III-1, III-2, III-3, III-4, III-5, IV-1, IV-2, IV-3, IV-4 и IV-5

6. **Времетраење на екскурзијата**

Стручно-истражувачката екскурзија (се организира еднаш во текот на учебната година од средното образование, ќе трае најмногу 3 (три) дена со 2 (две) ноќевање и ќе се реализира во месец Април-Мај 2026 година.

Почитувајќи ја програмата за работа на стручниот актив по природни науки за учебната 2025/2026 година во однос на екскурзијата, предвидено е истата да се релизира на релација (локации за посета и правци на патување):

**Велес – Белград - Винча – Велес**

**Прв ден:**

Велес – Белград, со попатни кратки паузи, пристигање во Белград во пладневните часови, посета на Нуклеарниот истражувачки центар – Винча, сите институти во нејзин склоп, ручек по слободен избор, попладневна прошетка и сместување во хотел, организирана вечера, ноќевање;

**Втор ден:**

Белград – организиран појадок, посета на астрономска опсерваторија на Звездара, посета на музеј на Никола Тесла, прошетка низ Калемегдан, ручек по слободен избор, попладневна прошетка, организирана вечера, ноќевање,

**Трет ден:**

Белград – организиран појадок, посета на математичкиот факултет, посета на центарот за роботика при институтот Михајло Пупин, Зоолошка градина, кратка прошетка, заминување за Велес во попладневните часови.

## 7. Техничка организација на изведувачот

Техничката организација на екскурзијата е под надлежност и водство на избраниот оператор кој треба да ги исполни критериумите утврдени во член 21 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од средните училишта, а особено:

- Екскурзијата треба да биде изведена со висококвалитетен автобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата,
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а при посетата на локалитети да има организирано локални водичи,
- Агенцијата треба да има обезбедено соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови,
- Агенцијата треба да обезбеди соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, мени на исхрана (со организирана вечера и доручек во хотелот во кој ќе се престојува),
- Агенцијата треба да обезбеди патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Агенцијата треба да обезбеди влезници за посета на знаменитости и организирање на забавна вечер.

**Стручниот тим, односно Комисијата за прибирање на понуди за организација на екскурзијата особено ги истакнува и следи минималните услови цитирани во Поканата за избор на најповолен понудувач, во која ќе бидат пропишани и техничко организационите услови кои треба да ги исполни нзбраниот оператор.**

## 8. Начин на финансирање

- ✓ екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, со можност за плаќање на најмалку три рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- ✓ цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;

- ✓ во цената да влегува патничкото и здравствено осигурување на учениците, како и сите влезници.

## 9. Обврски на учениците и родителите за време на екскурзијата

Обврските и одговорностите на учениците, одговорните наставници, раководителот на екскурзијата и членовите на стручниот тим ќе бидат конкретизирани во Кодексот за однесување на учениците за време на училишните екскурзии.

**Кодексот за однесување** на учениците ги содржи следниве содржини:

- Задолжително почитување на законите на нашата држава и државите во кои се изведува завршната екскурзија;
- Достојно претставување на своето училиште, градот и државата;
- Забрана за консумирање на алкохол, употреба и трговија со дрога, пиротехнички материјали;
- Забрана за носење секаков вид на оружје;
- Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување, булинг, дискриминациа и нанесување на материјална штета;
- Забрана за оддалечување од групата без дозвола на одговорниот професор и др.

Врз основа на Кодексот за однесување на ученикот и неговиот родител/старател потпишуваат изјави дека при изведувањето на екскурзијата учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава ученикот му ја предава на раководителот на екскурзијата, најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзијата.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија не го почитува Кодексот на однесување на учениците за време на екскурзијата, Наставничкиот совет му забранува учество во наредните ексурзии и предлага да му се изрече педагошка мерка.

| ТИМ за подготовка на Програмата за Стручно истражувачка екскурзија Велес-Белград-Винча-Велес во учебната 2025/2026 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Име и презиме** | **Работна позиција** | **Своерачен потпис** |
| 1. | Илија Попов | Директор | |
| 2. | Марија Стојановска | Педагог | |
| 3. | Анита Смилевска | Психолог | |
| 4. | Ленче Перчинковска | Дефектолог | |
| 5. | Зоран Јованов | Наставник | |
| 6. | Драгана Тевчева | Наставник и раководител на екскурзијата | |
| 7. | Христина Леова | Наставник | |
| 8. | Петранка Стојанова | Наставник | |
| 9. | Марјан Стојановски | Наставник | |
| 10. | Соња Трајчева | Наставник | |

**Раководител на екскурзијата:**

________________________

Драгана Тевчева

**ЗАБЕЛЕШКА: Програмите може да претрпат промени во зависност од потребите и состојбите во училиштето и општата здравствена - безбедносна состојба.**

Директор

________________________

Илија Попов